Република Северна Македонија
**Министерство за здравство**

Бр. 17-3000/1
07.04.2020 година

До
ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија Скопје
ЈЗУ Градска општа болница 8ми септември Скопје
ЈЗУ Психијатриска болница Скопје-Скопје, Демир Хисар, Негорци
ЈЗУ Клинички и општи болници - СИТЕ

ПРЕДМЕТ: Укажување за постапување со лица кои имаат потреба од супституциона терапија и психијатриска помош и подршка во состојба со КОВИД-19

Почитувани,

Министерството за здравство врз основа на заклучокот на комисијата за заразни болести од состанокот одржан на ден 01.04.2020 година, а врз основа на доставените препораки од координаторот за психијатриски установи во РСМ во услови на криза, назначен од министерот за здравство, доц. д-р Стојан Бајрактаров, со цел навремено пружање на потребната професионална психијатриска помош на пациенти како и на лицата сместени во самоизолација, изолација и карантин , укажува на следното:

1. Се задолжуваат ЈЗУ Психијатриска болница Скопје-Скопје, Психијатриска болница Негорци, Психијатриска болница Демир Хисар и ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија Скопје, да обезбедат во рамките на своите капацитети, посебен простор за изолација за прием на пациенти од карантин, здравствен надзор/ самоизолација, со почитување на сите епидемиолошки аспекти.

   Лицата БЕЗ СИМПТОМИ ЗА КОВИД 19, кои се во самоизолација и во карантин, како и лица со позитивна епидемиолошка анкета да се сместуваат во оддлеите за изолација .

2. Универзитетска клиника за психијатрија Скопје ќе биде одговорна за пациенти заболени со КОВИД 19 со психијатриска патологија кои се на лекување во ЈЗУ УК Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби како и во ново воспоставената мобилна болница.


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

3. Доколку е потребна хоспитализација на лице кое е сместено во карантин, лицето по претходна проценка од доктор специјалист по психијатрија, ќе биде транспортирано и тоа:
   - лица од карантините во Град Скопје – на кои им е потребна супституциона терапија со метадон или бупренорфин, ќе се транспортираат до ГОБ 8ми Септември Скопје и ЈЗУ Психијатриска болница Скопје
   - лица од карантините во Град Скопје –на кои им е потребна супституциона терапија со метадон или бупренорфин и хоспитализација, ќе се транспортираат до ЈЗУ Психијатриска болница Скопје, а
   - лица од карантините во Град Скопје кои имаат потреба од психијатриска помош и подршка како и хоспитализација, ќе се транспортираат до ЈЗУ Психијатриска болница Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија
   - лица сомнителни или потврдени со КОВИД- 19 ќе бидат транспортирани во ЈЗУ Градска општа болница 8ми септември Скопје, која ќе го организира понатамошниот третман.

4. Овие оддели за хоспитализација на пациенти од карантин или самоизолација во психијатриските болници да бидат обезбедувани од МВР.

5. За сите пациенти кај кои е индициран хоспитален третман, кај кои е негативна епидемиолошката анкета, треба да продолжат да се третираат и хоспитализираат како и до сега по утврдените протоколи во сите болнички капацитети, со назнака за детална епидемиолошка анкета пред прием.

6. За лицата во карантин, здравствен надзор/самоизолација, на територијата на РСМ, надвор од Град Скопје, ЈЗУПсихијатриска болница Негорци и ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар, да обезбедат оддели за изолација каде ќе се хоспитализираат лица на кои им е потребна психијатриска помош и подршка како и на лица на кои им е потребна супституциона терапија со метадон и бупренорфин, според регионален пристап.

7. Здравствените установи да се водат според протокол за начин на примање на пациенти - секое упатување на пациент за хоспитализација во психијатриски установи треба да биде според претходен договор и најава за упатување на пациент од страна на психијатриски служби, матични лекари или служби за итна медицинска


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија

Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

помош, за што ќе бидат доставени и телефонски броеви од секое психијатриско одделение.

8. Препраќањето и приемот на пациенти треба да биде според регионален пристап, односно секоја болница е надлежна за својот регион и за лицата сместени во карантински објекти во тој регион. Тријажа на препраќање на пациенти со соодветни дијагностички групи се одвива и според досегашните воспоставени принципи.

9. За град Скопје се задолжуваат ЈЗУ Градска општа болница 8ми септември Скопје и ЈЗУ Психијатриска болница Скопје - Скопје, да обезбедат достапност на доктори специјалисти по психијатрија, кои по потреба по претходна проценка на медицински тим од карантинскиот објект ќе врши тријажа и издавање на супституциона терапија на лицата во карантин.

10. Се задолжуваат сите општи и клинички болници на територијата на РСМ, кои во своите региони имаат карантински објекти, да направат распоред за 24 часовна достапност на доктори специјалисти по психијатрија, кои по потреба, а по претходна проценка на медицинскиот тим од карантинскиот објект, ќе вршат посета на лицата на кои им е потребна со психијатриска помош и подршка.

11. За лица во карантинските објекти надвор од Град Скопје, на кои им е потребна супституциона терапија со метадон и бупренорфин, тријажа и издавање на супституциона терапија ќе го прават докторите од Службите за превенција и третман од злоупотреба на дроги.

12. Сите психијатриски болници, Универзитетска клиника за психијатрија, Градска општа болница 8ми септември Скопје и Универзитетска клиника за токсикологија да делуваат координирано во услови на криза преку секојдневна комуникација.

13. Каде има можност да се спроведат принципи на телемедицина, односно телепсихијатрија, со цел да се намалат контакти и да се намали патувањето и ризикот на контакти на пациентите.

14. Да се известат сите матични лекари, психијатриски служби и служба за итна помош за обврската за претходна најава за упатување на лица за хоспитализација и претходно епидемиолошка обработка на пациентите.


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија

Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

15. Да се координира третманот на лицата со зависности со Службите за превенција и третман од злоупотреба на droги како и со Клиника за токсикологија и одговорното лице од Министерството за здравство.

16. Црвен крст ќе биде достапен да доставува метадон или бупренорфин до лицата со зависност во центрите за карантин и на лицата кои што се во самоизолација со решение од ДСЗИ.

17. За секоја информација, како и проблеми да се известува координаторот за психијатриски установи во РСМ во услови на криза, назначен од министерот за здравство, доц. Стојан Бајрактаров – 070/275-306

18. Одговорно лице во Министерство за здравство за третманот на лица со зависност е Д-р Марија Хаџи-Христовска – 075/402-289.

МИНИСТЕР,
Доц. Д-Р Венко Филипче

Подготвил:Д-р Марија Хаџи-Христовска
Контролирал: Прим.Д-р Сузана Маневска
Одобрил: Д-р Владимир Милошев, Државен секретар


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија

Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk